РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2245/2
18-03-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 63-тата седница одржана на 15.03.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1674/1 од 02.07.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Пријавата да се достави до службата за внатрешна контрола на ЈП Национални Шуми – Скопје на надлежно постапување.

Предметот со број 12-1674 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1674/1 од 02.07.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Со изнесените наводи во пријавата се укажува на нелегална сеча на дрва во атарот на ///, дека од страна на надлежните органи се издавале одобренија за сеча на дрва на лица кои не биле сопственици на парцелите, со оглед на фактот дека носителите на сопственоста биле починати лица, така што нивните наследници не спровеле постапка за денационализација. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата доставени се докази.

Со увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК не утврди елементи за надлежно постапување за овој конкретен случај. Надлежен орган за постапување во овој конкретен случај е службата за внатрешна контрола на ЈП Национални Шуми – Скопје, заради што ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk